Trainee Development - Platinum

# Оглас за Соработник во сектор ревизија

Сакаш да дознаеш што навистина прават ревизорите зад сцената? Со нас ќе го искусиш тоа одблизу – ќе работиш на разни проекти и компании и ќе учиш директно од искусни професионалци кои ќе ти бидат ментори. Нема шаблони, нема монотонија – секој клиент е нова приказна, секоја анализа нов предизвик.
А најубавиот дел? Ќе бидеш дел од тим што навистина сака да те види како растеш.

Друштвото за ревизија **РСМ МАКЕДОНИЈА** е дел од RSM International, моќна мрежа на ревизорски, даночни и консултантски експерти со канцеларии низ целиот свет. Со над 40 професионалци подготвени сме да му одговориме на секој предизвик со кој се соочуваат нашите сегашни и идни клиенти и партнери.

**Твоите одговорности ќе вклучуваат:**

- Учество во ревизорски активности и анализи;
- Подготовка и преглед на работна документација;
- Известување за ревизорски наоди;
- Спроведување постапки за тестирање и уверување;
- Поддршка во подготовка на целокупната ревизорска документација.

**Потребни квалификации:**

- Завршено високо образование – Економски факултет (насока Сметководство и ревизија ќе се смета за предност);
- Со или без претходно работно искуство;
- Тимски дух, одлични комуникациски вештини и аналитичен пристап;
- Одлично познавање на англиски јазик;
- Одлично познавање на MS Office, особено MS Excel;
- Подготвеност за теренска и канцелариска работа.

**Што нудиме:**

- Менторство и поддршка од искусни професионалци;
- Позитивна, соработувачка и мотивирачка работна средина;
- Можност за професионален развој и напредок;
- Континуирани обуки и усовршување;
- Флексибилно работно време – почеток на работа меѓу 08:00 и 09:00 часот.

Заинтересиран/а си? Испрати ја твојата професионална биографија на: hr@rsm.mk, со назнака „За работно место: Соработник во ревизија “.
Само апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.

*Со аплицирање на оваа работна позиција, се согласувате Друштвото да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Друштвото за регрутациски потреби согласно законските прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на hr@rsm.mk.